


Грант Торнтон е фирма членка на Grant Thornton International Limited (GTIL), една од водечките организации во светот која обезбедува ревизорски, даночни и советодавни услуги кои им помагаат на динамичните организации да го поттикнат растот преку широк спектар на професионални услуги. Со нашите идеи, стандарди и посветеност создаваме квалитет и вредности за нас и нашите клиенти.

**Доколку сакате да бидете дел од нашиот тим ви нудиме:**

- Пријателска и динамична работна средина, во која можете да ги развивате своите вештини и компетенции
- Нудиме одлични можности со конкурентен пакет за наградување и постојан развој на кариерата за амбициозните кандидати кои имаат желба за напредок.
- Обука и менторство
- Хибриден начин на работа од канцеларија и од дома

**Улога во тимот:**

- Учество во изработка на финансиски анализи, финансиски модели и сценарија
- Учество во изработка на Discounted Cash Flow (DCF) анализи
- Учество во подготовка на бизнис планови и физибилити студии
- Учество во спроведување на пазарни и останати истражувања
- Учество во изработка на длабински анализи
- Учество во изработка на проекти од областа на реорганизација, реконструирање и ликвидација на компании
- Учество во изработка на проекти поврзани со останатите услуги на компанијата
- Уредно водење на документацијата во согласност политиките на фирмата

**Потребни квалификации и компетенции:**

- Универзитетска диплома (или апсолвент) од факултет за економски науки
- Со или без работно искуство
- Владеење на деловен англиски јазик, усно и писмено
- Одлично познавање на Microsoft Office и развиени компјутерски вештини
- Одлични комуникациски и меѓучовечки односи
- Способност за одржување дискреција при справувањето со доверливи информации
- Самодоверба и способност за работа по своја иницијатива и со ограничен надзор
- Мотивација за напредување и развој во кариерата

Вашиот професионален и личен успех е наша заложба, затоа аплицирајте со испраќање на ваша кратка биографија на Careers@mk.gt.com најдоцна до 30.11.2022 година и станете дел од семејството на Грант Торнтон.

Напоменуваме дека ќе бидат контактирани само кандидатите кои ќе влезат во потесниот круг на избор. Вашите апликации ќе имаат третман на строга доверливост.